Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

99 години Основана 1922

Број 469 www.mchamber.mk 01.10.2021



# ИВИЦА ТАЛЕВСКИ ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА РУДАРСТВОТО

МАР

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

Алкалоид Скопје, EVN, vitaminka, NLB Banka, GRANIT Building & Construction, IGM trade, T, МЕПСО, ECM, Gulf, Пекабеско, euro Nickel Industries, nextsense, VERO сè на едно место, Кожувчанка, Mermeren Kombinat

### СТАНДАРД Покровители

ComfyAngel, Окта, Раде Кончар - Сервис, Rade Končar-TEP, A1, seavus, Zan Mitrev Clinic, Семос, Croatia osiguranje, Halkbank, Стопанска банка АД - Скопје, scalefocus, Де-Ни, cargo-partner, Schneider Electric

### СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин, Sparkasse, Ultra, Smelt-ing, Vezeshari, Socotab, Swisslion, Alliance One




**Посетете не’ на веб-порталот: www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРОГРАМИТЕ ВО РАМКИТЕ НА НОВОФОРМИРАНИОТ СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ




На 17.09.2021 година во Стопанската комор на Северна Македонија се конституираше Советот за унапредување на високото образование. На денешната прес конференција детално беше претставена програмската содржина на овој Совет кој ќе работи на активности поврзани со организирање и поттикнување соодветни облици за континуирано функционално образование и иновација на знаењата на раководните кадри, како и на другите стручни кадри и професионална надградба на стекнатите знаења преку организирање стручно оспособување.

Советот преку соработката со домашните и странски институции, освен развој и промоција на едукативните настани во трите Програми одделно има за цел да ја поттикнува имплементацијата на европските правила и стандарди и перманентното функционално образование и иновација на знаењата на високобразовните кадри, со главна цел, преку воспоставување на Школата за продуцирање кадри да ја заокружи својата активност со формирање на Институтот за извоз.

Со овој концепт на функционирање на Советот за унапредување на високото образование му помагаме на стопанството и овој модел не е замена за високото формално образование, туку со него ќе се настојувапреку практична наставада се создаваат лидери, да се зголемат вештините за водење на бизнис и за прв пат, ваквиот

концепт ги вклучува старт ап-ите кои ќе се поддржуваат не само преку учење на вештини туку и преку финансирање на добри идеи кои ќе бидат поврзани со форуми на инвеститори (преку финансирање од домашни и меѓународни институции). Оттука со реализација на сите програмски содржини веруваме дека овој Совет ќе придонесе во зголемување на конкурентноста, ефикасноста, вработувањето и обезбедување поголем економски раст во Ребублика Северна Македонија.

За таа цел развивме три Програми со посебни модули кои треба да ги реализираат зацртаните цели на Советот согласно потребите на македонското стопанство за сите прашања поврзани со надградбата на знаења на високообразовните кадри:

1. Клуб на менаџери – претприемништво и лидерство – со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа на бизнис-лидери (почеток 15 ноември 2021 година),

2. Развој на мали и средни бизниси и старт ап бизниси – со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Модул за развој на мали и средни бизниси како и Модул за развој на старт ап бизниси (почеток 15 ноември 2021 година) и

3. Институт за извоз – со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа за продуцирање кадри за зголемување на извозот, со крајна цел формирање Институт за извоз (Изработка на студија за извоз, Платформа за извоз и почеток со Модулот за зголемување на вештините за извоз од 1 Ноември 2022 година.

Предавачи и членови на Програмските одбори во сите модули ќе бидат најуспешните менаџери и научни работници од нашата држава претставени во органите и телата на Комората, како што се замениците претседатели на Стопанската комора-Клуб 100, потпретседателите на Комората-Клуб 10, претседателите на Советите при Комората како и многу други успешни личности, пред се од бизнисот, кои зад себе оставаат и прикажуваат резултати во работењето.

# МАЛ ШЕНГЕН, ОТВОРЕН БАЛКАН, ЗАТВОРЕНИ НАДЕЖИ – ТОГАШ НИШТО ОД БИЗНИСОТ



Еве еден позитивен пример што требаше да направиме –

ВИШЕГРАДСКА ГРУПА – ПОЛСКА, ЧЕШКА, УНГАРИЈА И СЛОВАЧКА

* Регионална економска групација основана во 1991 година
* Поранешни комунистички земји со скромни економски перформанси
* 2021 година – кумулативниот БДП надминува 1 трилион евра
* БДП од глава на жител – 24.000 евра
* Зголемувањето е повеќе од 350 % во споредба со деведесеттите
* Извоз над 100 милијарди американски долари
* Самоиницијативно здружување
* Регионална соработка заснована на добра волја

Значи има позитивни примери!

Балканот треба да престане да ја имитира ЕУ и да создаде сопствена приказна заснована на реалноста на Балканот и тоа да биде направено самоиницијативно.

Називот „Отворен Балкан" е од пред неполни два месеци, но почетоците се протегаат од поодамна, само под друго име. Пред две години во Нови Сад се одржа првата средба во форматот кој го доби колоквијалниот назив„Мини шенген", означувајќи го почетокот на зајакнатата соработка.

Србија, Северна Македонија и Албанија, со потпишувањето на документот „Декларација за спроведување на четирите 'слободи' (слободен проток на стоки, услуги, луѓе и на капитал)", едногласно се обврзаа да работат на отстранување на сите пречки што го оневозможуваат слободното движење во регионот.

Уште од самите почетоци, па и пред одржувањето на средбата во рамките на оваа иницијатива во Скопје во јули годинава, постоеја неколку дилеми – дали оваа иницијатива е само замена за недостигот од посветеност на ЕУ; дали е алатка за создавање нова Југославија или, пак, станува збор само за пренасочување на фокусот кон разочарувањето предизвикано од одложувањето на отворањето на преговорите за пристапување во ЕУ со Албанија и со Северна Македонија. Можеби затоа и целиот тек на оваа иницијатива го следеше прашањето дали сето ова е само евтин политички трик што ќе изгледа добро само на хартија.

Неспорна е констатацијата дека самите дружења во тие два дена во Скопје како да внесоа нов оптимизам, кој требаше да добие свое продолжение на Форумот во Белград закажан за почетокот на ноември. Попатна станица требаше да биде собирот во Нови Сад организиран од Фондацијата „Конрад Аденауер“. И наеднаш „тонч“, конфликт на административниот премин Јариње помеѓу Србија и Косово.

Во 2019 година по повод 97 години коморско постоење Стопанската комора на Македонија им додели Специјално признание за унапредување на регионалната економска соработка и работењето на Коморскиот инвестициски форум (Марко Чадеж, претседател на Стопанската комора на Србија и претседател на КИФ; Андреј Јовановиќ, генерален директор на холдинг компанијата „МОИ БРЕНДОВИ“, Сафет Ѓергалиу, поранешен претседател на Комората на Косово и поранешен генерален секретар на КИФ)

Значи, напорите што ги направи бизнисот во 2015 година, кога претседателот на Комората на Србија се одважи и отиде во посетата на Комората на Косово, па заедно отидоа во Брисел за да бидат мост меѓу бизнисмените, по што се изроди идејата за Коморскиот инвестициски форум, па за Мини шенген и за Отворен Балкан, за еден ден паднаа во вода.

Џабе беа сите понижувања и плукања дека тој тандем се новите Боро и Рамиз; сите закани по нив и сите активности кои следуваа потоа, зашто сега е совршено јасно дека не може да се развива идејата за Отворен Балкан со трупање оружје, затегнати ситуации и со закани.

# КОНСТИТУИРАН СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНДУСТРИСКОТО ПРОИЗВОДСТВО И ИЗВОЗОТ

Со конституирање на овој Совет практично се заокружи и целосно се стави во функција Вториот столб преку сите конституирани совети до сега:Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките, Советот за унапредување на високото образование, Советот за напредни технологии и денешниот Совет за унапредување на индустриското производство и извоз.

Додека Првиот столб при Комората и понатаму продолжува да функционира преку Здруженијата, Асоцијациите, Групациите, Центарот за едукација, Центарот за проекти, Бизнис канцеларијата и Центарот за анализи, Втор столб ја исполнува задачата за пружање нови услуги од интерес на бизнисот и сите компании како што се консултантски услуги и лобирање за фирмите, решавање на споровите преку арбитражата и медијацијата, создавање Берза на трудот, преквалификации, создавање Школа на бизнис лидери, формирање на Институт за извоз, поврзување на странските инвеститори со домашните добавувачи....

Приоритетни цели на Советот за унапредување на индустриското производство и извоз се:

- да изгради стратегија и методологија за развој и поддршка на извозот и индустриските капацититети во соработка со Владата на Република Северна Македонија и сите меѓународни институции кои можат да го помогнат тој процес,
- да помогне на домашните компании да склучат договори со странските инвеститори во земјава, во согласност со пазарните услови и меѓународните стандарди,
- Советот ја презема целокупната обврска околу учеството на Комората на специјализираните меѓународни саеми и настани како партнер на Министерството за економија во Владата на РСМ и
- Советот ја унапредува и насочува работата на Клубот на извозници при Стопанската комора на Северна Македонија.

За претседател на Советот за унапредување на индустриското производство и извозот е избран Виктор Мизо, Костал ДООЕЛ Охрид, додека за потпретседател на Советот е избрана д-р Никица Мојсовска Блажевски, Македонија 2025.

# ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОВИД КРИЗАТА МОРА ДА СЕ НАДОПОЛНАТ СО ЗАБРЗАН РАСТ




Планот беше презентиран од страна на министерот за финансии д-р Фатмир Бесими, пред репрезентативен број на претставници на компаниите членки на СКСМ.

Клучните компоненти во него се:

1. Зголемени инвестиции од 4 милијарди евра во наредните пет години, кој ќе поттикнат нови работни места и раст на економијата до 5% и

2. Обезбедување фискална консолидација, намалувањето на јавниот долг под 60% од БДП и враќање на буџетскиот дефицит на 3%.

Министерот Бесими кажа дека е ова оквирен план што ќе ги обедини сите механизми и алатки за поддршка на инвестициските активности на државата едно место и произлегува од сумираните извештаи на годишната конференција „Скопје економски финансиски форум 2021“, кој од идната година ќе се организира заедно со бизнис секторот.

Во дискусијата што следеше, учествуваа поголем број македонски бизнисмени подржувајќи ги контурите на планот и укажаа на повеќе сегменти, кои се исклучително важни при неговото конципирање.

Однапред дефинирани критериуми, соодветна законска регулатива, форсирање на обновливите извори на енергија, погрешните субвенции во агросекторот, исклучително лошата состојба во градежништвото, состојбата со пазарот на работна сила, детални анализи за гранките што можат да испорачаат додадена вредност, се само дел од забелешките и мислењата кои ги истакнаа бизнисмените.

Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, го поздрави континуираниот дијалог со министерството за финансии и укажа на деталното објаснување на одредени параметри од клучно значење за имплементација на планот како што се: јасно прецизирање дека нема да има зголемување на даноците; јасно прецизирање на улогата на приватниот сектор во целиот план и форсирање на петте клучни приоритети на приватниот сектор како што се: енергичната борба против сивата економија и корупцијата, забрзувањето на процесот на гасификација, поддршката на извозните компании, средување на состојбите во јавната администрација, итн.



# ПРЕКУ ВМРЕЖУВАЊЕ НА КОМПАНИИ ДО ПОГОЛЕМА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА СО ЛУКСЕМБУРГ



Извршниот директор на Стопанската комора на РС Македонија, г. Антони Пешев оствари работна посета со амбасадорот на Големото Војводство Луксембург, г. Филипе Донкел (Philippe Donckel).

На средбата се разговараше за досегашната билатерална соработка меѓу двете земји, за можностите за поголема соработка меѓу коморите на двете земји, како и за можностите за инвестирање што ги нуди македонската економија. Во тој контекст, особено стана збор за потенцијалот на слободните економски зони, локалните добавувачи, за квалификациите на работната сила, концептот на дуално образование, но и за договорите за слободна трговија што ги има потпишано РС Македонија. Беше изразен интерес за потенцијални инвестиции на компании од Луксембург во македонското стопанство.

Тековната надворешно-трговска размена помеѓу Македонија и Луксембург е незначителна и има потенцијал да се зголеми и во доментот на стоките, но и во доменот на услугите. Во првите седум месеци од 2021 година вкупната размена изнесува 3 милиони американски долари и е за 79,5 % поголема во однос на истиот период од 2020 година. Македонија во овој период има суфицит во размената со Луксембург.

Соработката меѓу коморите на двете земји ќе биде насочена спрема вмрежување на компаниите од двете земји и спрема нивна поголема соработка, која ќе придонесе како за поголема надворешно-трговска размена така и за реализација на инвестиции.

Луксембург има 107.458 американски долари од глава на жител во 2020 година, а 86,9 % од БДП се генерира од услугите.

# МАКЕДОНСКИОТ ТУРИЗАМ СО НАЈСЛАБИ БРОЈКИ ВО РЕГИОНОТ, ЗАКРЕПНУВАЊЕ НАЈРАНО ВО 2023 ГОДИНА

Загрижувачко намалување на бројот домашни и странски туристи, како и ноќевања, покажуваат официјалните статистички податоци за периодот јануари – јули 2021 во однос на истиот период во 2019 година, пред корона пандемијата. Ова намалување е најголемо споредбено со сите земји од регионот, што упатува на заклучокот дека мерките за позиционирање на земјава како дестинација на меѓународниот туристички пазар се најслаби од сите држави во регионот, а загубата на бројот туристи и ноќевања е процентуално највисока.

Според Здружението, македонскиот туристички сектор е во лоша сосотојба и се уште има потреба од поддршка. Предвидувањата се дека бавно ќе закрепнува. Се очекува намалувањето на туристи и ноќевања за 2021 година да биде околу 60 отсто, а во 2022 година да изнесува приближно 40 проценти доколку не се променат пристапот и политиките. Обновување на пазарот и достигнување на перформансите од 2019 година се очекува најрано во 2023 година, а најдоцна до 2025 година.

За секторот од особено значење е и запознавање на странските партнери со условите, мерките и политиките кои се применуваат во однос на справувањето со пандемијата, додава Здружението. Од тоа зависи каква ќе биде перцепцијата однадвор за Северна Македонија како туристичка дестинација. Потребна е промоција во земјите од регионот, во географски радиус од 600 километри, а одржувањето и зајакнувањето на односите со поголемите странски тур-оператори со кои негуваме традиционална соработка преку директна комуникација на сите нивоа, мора да биде врвен приоритет. Истото се однесува и на односите со авионските компании кои оперираат кон и од земјава.

-За сето ова, навреме укажавме и како одговорна организација навремено подготвивме две студии и сет решенија кои, за жал, или не се применуваа или парцијално се применуваа или, пак, нивната примена се одолговлекуваше и доцнеше до момент на целосно губење на смислата на таквата мерка. За да се избегне подолга потреба од поддршка на работните места, паралелно треба да биде поддржана и дестинацијата за да се подобрат перформансите кои во моментов се најслаби во регионов и за да се ослободи секторот од потребата за поддршка на работните места. Споредбената статистика со 2019 година покажува дека секторот се уште ги исполнува критериумите за поддршка кои беа услов за помош на вработените во 2019 година, а тоа го потврдува и споредбената статистика на перформансите на дестинацијата за 2021-ва во однос на 2019 година.

# ИВИЦА ТАЛЕВСКИ ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА РУДАРСТВОТО

Македонската асоцијација на рударството одржа седница на која се дискутираше за насоките во кои треба да се развива рударскиот сектор во земјава, потребните мерки за зголемување на конкурентноста на рударските деловни субјекти и активностите за натамошна промоција на општествено одговорното работење во областа на истражувањето и експлоатацијата на минералните суровини.

Дејноста рударство и вадење на камен вработува 7.220 лица и има важна улога во севкупниот развој на стопанството како од аспект на вработувањето и стоковната размена, така и од аспект на стратешки развој на државата, а посебно и на локалната самоуправа. Според податоците, просечната нето плата по вработен во дејноста во второто тримесечје годинава изнесува 38.445,00 денари и истата е повисока за 34,2 % од просечната нето плата во државата, додека учеството во структурата на индустриското производство изнесува 10,87%. Покрај намалувањето на бројот на активни деловни субјекти за 9%, односно на бројот на вработени за 5,6% во 2020 година споредено со 2019 година, на седницата беше оценето дека рударството има значаен потенцијал и минералните суровини со кои располага државата претставуваат добра основа за поинтензивен стопански развој.

По долгогодишните заложби и активно учество во коморското работење на господинот Николајчо Николов, поради негово заминување во пензија, на седницата се дискутираше за избор на нов претседател на Македонската асоцијација на рударството, при што едногласно беше избран Ивица Талевски од рудникот САСА, Македонска Каменица. Заблагодарувајќи се за искажаната доверба, новиот претседател порача дека активно ќе се залага за донесување стратегија за развој на рударството во земјава како долгогодишна потреба која се наметнува со цел согледување на потенцијалите и можностите за развој на оваа стопанска гранка, решавање на проблемите поврзани со недостатокот од квалификуван кадар, како и јакнење на угледот и промоција на економското значење на рударството.

Македонската асоцијација на рударството како значаен сегмент на



коморското работење активно делува повеќе од петнаесет години и досега се има афирмирано во јавноста како значаен чинител за развој на рударската индустрија, препознатлив партнер на државата во унапредување на правната рамка од областа на минералните суровини и достоен претставник на бизнис заедницата. Во знак на признание за долгогодишниот ангажман и несебичното споделување на своето искуство и стручност во функција на подобрување на деловниот амбиент и условите за работа на компаниите – членки, присутните на седницата го избраа г-дин Николајчо Николов за почесен претседател на Асоцијацијата.

Извршниот директор на Стопанската комора на Северна Македонија, м-р Антони Пешев, искажувајќи благодарност за досегашните заложби на г-динот Николајчо Николов за рударството, истакна дека МАР ќе продолжи да делува и да го поддржува развојот на секторот како и досега.





video
example
software
easily
time
participant
information
electronic
teaching
courses
term online
education
social
content
objects
assessment
web
example
student
online
E-LEARNING
knowledge
software
computers
support
electronic
work
system
virtual
assessment
classroom
system
cost
internet
elearning
example
devices
video

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



Семинар
07.10.2021

# ЕФЕКТИВНА ЈАВНА КОМУНИКАЦИЈА (Јавен говор, пресс конференции, презентациски вештини и интервјуа

Стопанската комора на Северна Македонија, на 7 октомври 2021 година, организира еднодневен семинар на тема: ЕФЕКТИВНА ЈАВНА КОМУНИКАЦИЈА (Јавен говор, пресс конференции, презентациски вештини и интервјуа).

Целта на семинарот:

Целта на семинарот е да се подобрат капацитетите за јавна комуникација на учесниците од приватниот и јавниот сектор, а поконкретно да се зајакнат вештините за јавно зборување и презентација.

На учесниците ќе им биде овозможено да се запознаат со техниките за ефективно и професионално комуницирање низ убедлива презентација на политиките и програмите на работа во секторот во којшто дејствуваат, активностите во коишто се вклучени и резултатите што ги остваруваат. Освен тоа, ќе се стекнат со вештини за ефективно вклучување на целните групи во својата работа и комуницирање на начин што води кон остварување поголеми резултати.

Низ презентација и практични вежби учесниците ќе имаат можност да ги совладаат вештините за ефективна комуникација со медиумите, техниките и пристапите што ќе им овозможат градење продуктивна поврзаност со новинарите и пренесување на клучните пораки од својата област на делување.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за вработени од приватните компании, државни и јавни институции, кои се директно вклучени во јавно говорење и комуникација со медиуми и други лица надвор од организациите (лица одговорни за односи со јавност, маркетиг, ПР, сопственици, менаџери и др) како и останати учесници кои имаат интерес да го прошират или усовршат своето знаење по дадената проблематика.

**Контакт лица:**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар**
**13.10.2021**

# НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ ЗА POWER PIVOT ЗА АНАЛИЗА И ОБРАБОТКА НА ГОЛЕМИ СЕРИИ НА ПОДАТОЦИ ОД ПОВЕЌЕ БАЗИ

Пивот табелите во Ексел спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки. Сепак, обичните пивоти можат да работат со една база, додека во реалниот свет се случува потреба да се користат повеќе бази на податоци.

Со користење на Power Pivot алатката на Ексел се добива моќно средство за анализа и обработка на големи серии на податоци од повеќе бази.

За разлика од класичните пивот табели, Power Pivot се многу помоќни, со нив можете да анализираат повеќе бази на податоци наеднаш, да работите со масивни количини на податоци и да создавате дата модели.

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме Power Pivot табелите, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки.

Обуката е наменета за сите оние коишти сакаат да научат како да:

- Препознаваат ситуации во кои примената на Power Pivot табелите може да помогне во процесот на одлучување;
- Да спроведуваат комплексни анализи во пракса користејќи Power Pivot и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;
- Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

Power Pivot е дел од софтверот Мајкрософт Ексел. Тој е позициониран како add-in во Ексел 2010, 2013 и 2016.

Се препорачува учесниците на обуката да имаат инсталирано Ексел 2016 или најмалку Ексел 2010.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Семинар
14.10.2021

# ОСНОВИ НА CONTENT MARKETING И КАКО ДА ГО ИСКОРИСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ВАШИОТ БИЗНИС

Content Marketing е функционална област од дигиталниот маркетинг, која им овозможува на организациите да креираат и споделуваат дигитални содржини кои ќе ја привлечат нивната идеална публика. Создавањето content е моќен дел од стратегијата на една компанија, а овозможува креирање брендинг и едуцирање на корисниците преку директно персонализирано обраќање. Употребата на content marketing им дава на брендовите можност да ја ангажираат и да ја мотивираат целната публика на начин кој е релевантен за неа, притоа остварувајќи најдобри резултати од електронската комуникацијата.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија организира „онлајн" семинар на тема: „ОСНОВИ НА CONTENT MARKETING И КАКО ДА ГО ИСКОРИСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ВАШИОТ БИЗНИС" во насока на теоретско и практично изучување на content marketing како метод на комуникација на дигиталните медиуми.

Овој семинар ќе ви овозможи да се запознаете со Content Marketing-от, да дознаете како да го примените во пракса, да креирате таргет персони и анализа на пазарот, а преку практични задачи да се стекнете со вештини за надградување на стратегијата на вашата компанија.

**За кого е наменет овој семинар?**

Овој семинар е наменет за претставници на маркетинг секторот во компаниите, како и за сите претприемачи и сопственици на бизниси кои сакаат да се запознаат со концептот на Content Marketing за да ја развијат и подобрат маркетинг стратегијата на компанијата, нејзината содржина и брендинг, но и да ги усовршат таргет персоните и истражувањата на пазарот.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Семинар
19.10.2021

# ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА - НАЧИН КАКО НАЈДОБРО ДА ГО ЗАШТИТИТЕ ВАШИОТ БИЗНИС

Со цел унапредување на безбедноста и здравјето при работа, Стопанската комора на Северна Македонија на 19 октомври 2021 година, во соработка со Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР), ќе реализира еднодневен „он-лајн" семинар на тема: Противпожарна заштита - начин како најдобро да го заштитите Вашиот бизнис.

За време на семинарот ќе бидат опфатени теми поврзани со обврските на засегатите страни за заштита од пожар, евакуација и спасување во објектите, во насока на превземање мерки да не настане пожар, а доколку настане да се намали на најмала можна мера опасноста по безбедноста и здравјето на вработените и другите присутни лица, земајќи го предвид технолошкиот процес, материјалите кои се користат при работа, начинот на работа, складирање на материјалите, како и големината на објектот. Во зависност од природата на процесот на работа неминовно е да организира и обезбеди евакуација, спасување и прва помош во случај на извесна ситуација која може да ги загрози безбедноста и здравјето на вработените и посетителите во објектите (елементарна непогода, пожари, експлозии, испуштање на опасни материи над дозволената граница и слично) и да ги оспособи лицата кои ќе ја спроведуваат евакуацијата и спасувањето. Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, должност е да се спроведува за сите вработени лица, независно од тоа дали се во редовен работен однос или на одредено работно време, како и сите студенти и други лица, кои по било кои основ се наоѓаат или се задржуваат во кругот или во просториите на објектите сопственост на правниот субјект.

Оваа обука според Правилникот за едукација на стручни лица за безбедност при работа се бодува со 10 бода за пасивно учество на истата.

Сите заинтересирани учесници можат да се пријават најдоцна до 15 октомври 2021 година.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

Семинар
20.10.2021

# ПРЕДВИДУВАЊЕ НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ СО МЕТОД НА ПОДАТОЧНО РУДАРЕЊЕ (DATA MINING)

За да можат организациите да опстојат на пазарот и да ги подобрат своите перформанси неминовно е да го применуваат моделот на сфаќање-одговор. Поточно, да ги разберат потребите на потрошувачите и да одговорат на тие потреби. Во таа насока, суштинска улога има предиктивната аналитика која дава одговор на прашањето што ќе се случи во иднина.

Една од најпознатите методи на податочното рударење (data mining) – логистичката регресија овозможува да се предвиди однесувањето на потрошувачите (дали потрошувачот ќе го користи производот/услугата или не, дали ќе одговори на маркетинг кампања или не, дали ќе се претплати на страната или не, итн.) врз основа на една или повеќе независни варијабли (пр. демографски карактеристики, образование, годишен приход, итн.). Добиените сознанија од логистичката регресија ќе и помогнат на организацијата во планирање на следните активности и преземање на потребните чекори за да може да ги оствари поставените таргети.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 20 октомври 2021 година организира „онлајн"- обука на тема: „ПРЕДВИДУВАЊЕ НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ СО МЕТОД НА ПОДАТОЧНО РУДАРЕЊЕ" која ќе ви озвозможи да ги трансформирате податоците за потрошувачите во вредност за нив и за вашата организација.

**Предавач:**

- Д-р Виолета Цветкоска е вонреден професор на Економскиот факултет – Скопје при УКИМ на дисциплините Основи на бизнис аналитика и Операциони истражувања.

**Контакт лица:**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар
21.10.2021**

# ОТСУСТВО ОД РАБОТА СО НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА

Стопанската комора на Македонија, на 21 четврток 2021 година, организира еднодневна „онлајн"- семинар на тема: „Отсуство од работа со надоместок на плата".

На овој „онлајн"- семинар ќе се понуди сеопфатен и детален преглед на сите основи за отсуство од работа со надоместок на плата, започнувајќи од институтот привремен принуден одмор, преку разгледување на регулативата поврзана со правото на годишен одмор, неплатеното отсуство како опција за работниците, сé до останатите основи за отсуство како што се боледувањето и отсуството поради бременост, раѓање и родителство.

Дополнително, на „онлајн" семинарот ќе се развие дискусија во насока на преглед на постапката за инспекциски надзор, со напомени за превентивно дејствување на работодавачите, укажување за отстранување на повреди на закон и други прописи, спроведување едукација, а со цел избегнување на пропишаните глоби.

Семинарот ќе се одржи „онлајн".

Предавач:
- Злате Стојановски, експерт од областа на трудовото законодавство.

**Контакт лица:**
**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Саем
15.10.2021 - 17.10.2021

# КУПУВАЧКА МИСИЈА И ПОСЕТА НА САЕМОТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЗА ДИЗАЈН „BUILD EXPO GREECE“

Стопанската комора на Северна Македонија ве поканува да учествувате на претстојната купувачка мисија и посета на саемската манифестација „Build Expo Greece“, која ќе се одржи во периодот од 15 до 17 октомври 2021 година во „Metropolitan Expo Centre“, Атина, Република Грција.

Саемот „Build Expo Greece“ претставува деловен мост меѓу три континенти, кој на едно место успешно ги спојува највлијателните чинители од градежниот сектор на светско ниво, за да споделат искуства и за да се запознаат со најновите иновации во секторот. Како членка на Европската Унија и на еврозоната, Грција е природен економски центар на Југоисточна Европа, идеален влез за Блискиот Исток, Западна Европа и за Северна Африка и нов логистички центар за сиот регион.

Во рамките на посетата на Саемот планирано е и реализирање билатерални средби со грчки компании од градежниот сектор, на база на однапред договорени средби (matchmaking).

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со организаторите, на учесниците им обезбедува:

- бесплатно хотелско сместување за двајца претставници од компанија;
- бесплатен превоз од аеродромот до хотелот и од хотелот до Саемот;
- бесплатен влез на Саемот;
- организирани билатерални средби со партнери од ваш интерес.

Патните трошоци се на товар на компаниите.

**Контакт лице:**
**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

BUILD EXPO
GREECE 2021

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ




## НАША ЦЕЛ

- давање поддршка за имплементирање на меѓународните стандарди со цел полесен пристап на фирмите на европските пазари и зголемување на деловната активност со партнерите,
- обезбедување на ажурирани податоци и информации од областа на квалитетот, стандардите , а од интерес на фирмите,
- унапредување на знаењата и искуствата со цел подобрување на перформансите на работењето на фирмите

**Контакт:**
Емилија Тодоровска
Телефон: +389 02 3244047
Факс: + 389 02 3244088
emilija@mchamber.mk
www.mchamber.mk

Стопанска Комора  на Северна Македонија
ул.”Димитрие Чуповски” бр. 13
Скопје , Република Северна Македонија

## НАШИ  АКТИВНОСТИ

**Консултантски услуги** за :

- имплементација на Систем за управување со квалитет согласно **ISO 9001:2015**;
- имплементација на **HACCP** (систем за анализа на ризици и критични контролни точки);
- имплементација на Систем за управување со безбедна храна согласно **ISO 22000:2018**;
- имплементација на Систем за управување со животната средина согласно **ISO 14001:2015**;
- имплементација на **HALAL стандард**;
- имплементација на Систем за управување со здравје и безбедност при работа, согласно **ISO 45001:2018.**

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете не' на веб-порталот:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99 години

Основана 1922

**Дизајн и графичка обработка**

Стево Серафимов
тел.: (02) 3244032, stevo@mchamber.mk

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088